Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 27.04.2023
Орг. Един / Nj. org: 03 | Број / Numri: 637/6 | Прилог / Shtojca: | Вредност / Vlera:

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 20 ___ год.
Потпис

# ЗАПИСНИК

## за извршен инспекциски надзор

**ИП 1 бр. 57-26**

**Датум: 18.04.2023година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Агенција за филм на Република Северна Македонија- Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | НБРСМ-Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| в.д директор на АФ | | www.filmagency.gov.mk |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 13.04.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.04.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „8 март“ бр. 4 – Скопје (Центар) | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра: 90.04) | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | - Скопје (Центар) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Месечниот план бр. 57-188/4 од 05.04.2023 г., за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: МК**) за м. април, 2023 година.

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис ИП1 бр. 57-26 од 10.04.2023 г., е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" 102/19).

**5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор**

**Предмет**: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на **примена на членовите 32 и 54 од Законот за филмската дејност** („Сл. весник на РМ" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19 – **во натамошниот текст: ЗФД**), согласно со наводите од Барањето бр. 0302-998 од 15.03.2023 г., за постапување и доставената „Анализа на постапка спроведена воАФ по основ на Конкурс за финансирање на проекти за 2022 г.", на Здружението ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ МАКЕДОНИЈА од Скопје (**во натамошниот текст: Здружение**), како и Известувањето за извршена корекција по барање за демант и извинување бр. 0302-1009 од 21.03.2023 г., објавено од Здружението.

**Основ**: член 60 од ЗФД и член 82 став (1) од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор**.

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

**7) За време на извршувањето на вонредниот инспекциски надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| в.д. директор на АФ | | contact@filmagency.gov.mk |

**8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| помлад соработник за правни работи | | @filmagency.gov.mk |

**9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.**

**10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. Според наводите од предметното БАРАЊЕ за постапување; Здружението во декември 2022 г., има примено Пријава од граѓанин за сомневање околу **легитимноста и законитоста на постапка во АФ, за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, објавен во јануари 2022 г. - во втор рок на одлучување**, при што укажувањето од пријавителот, особеносе однесуваше на **„постоење на судир на интереси и нетранспарентна постапка во однос на селекцијата и изборот на кандидати и апликации во врска со конкурси објавени од страна на АФ“**.

Постапувајќи по однос на поднесената Пријава, Здружението има спроведено **мониторинг** на погоренаведената постапка, при што меѓудругото имаат констатирано дека:„Во Конкурсот за финансирање на проекти за 2022 г., АФ не обезбедила непристрансност и објективност кај сите учесници преку кои се спроведувал Конкурсот, поради што се исполнети услови истиот да биде оценет како нелегитимен и незаконски. Поставеноста на дел од членовите на одлучувачките органи во самата Агенција е во судир на интерес со кандидатите, кои поднесуваат филмски проекти по конкурсите кои се спроведуваат од нивна

страна". Од страна на Здружението, меѓудругото е констатирано и дека: „Кај рецензентот  која е назначена да пишува рецензии за краткометражни филмови, а самата поднела филмски проект на истиот Конкурс за Краткометражни документарни филмови – со мнозински македонски удел, во кој се јавува како режисер на проектот насловен како **„Последната станица". го повлекла проектот** поради судир на интереси. Повлекувањето е констатирано и во предлогот на Филмскиот совет.", како и дека „Кај режисерот и член на Филмскиот Совет,  идентична ситуација постои со филмскиот проект **„Сузе Национале"** во пежија на  Проектот е повлечен од причина, што режисерот е член за Филмскиот совет, исто така констатирано во Предлогот на Филмскиот совет.".

Согласно со горенаведеното, Здружението со горецитираниот Допис, се обрати до МК, како надлежно за вршење на надзор на спроведување на одредбите на ЗФД и тоа да ги испита постапувањата и одлуките на АФ, во конкретниот Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, објавен во јануари 2022 г.и да преземе мерки во рамки на законските надлежности, за „отстранување и обезбедување непристрасност и објективност, кај сите учесници преку кои се спроведуваат конкурси и АФ да го повтори предметниот Конкурс".

Во Известувањето за извршена корекција по барање за демант и извинување бр. 0302-1009 од 21.03.2023 г., објавеноод страна на Здружението, меѓудругото е наведено дека на 20.03.2023 г., од страна на  до Здружението е испратен Допис - Барање за објавување на демант, извинување и јавно повлекување, во прилог со дополнителна документација со која барателот ги демантира наводите изнесени од страна на Здружението во изработена и објавена „Анализа на постапка спроведена во АФ по основа на Конкурс за финансирање на проекти за 2022 г". Со горецитираното Известување, барателот е известен дека „Од причина што дополнително доставената документација од страна на барателот не претставува информација од јавен карактер, ниту била непосредно достапна на увид , вршиме корекција и повлекување на изготвената Анализ, во делот во кој за лицето  извршил повлекување на поднесениот проект и тоа во делот на последните два пасусу на страна 5 од Анализата, при што овие два пасуса се менуваат и гласат:„Иако, за „Филмскиот проект „Сузе Национале" во режија на  истиот на 09.12.2022 г., поднел Изјава за изземање со која се иззема од одлучување, тој останал да биде член на Филмскиот совет, а

поднесениот проект не е повлечен, што претставува повреда на членот 32 од Законот". Оттука, Управниот одбор, донел Одлука бр.02-25/35 од 05.01.2023 г., за одбивање на проектот поради постоење на судир на интереси од причина што режисерот е член за Филмскиот совет"

**10.2.** Согласно со член 7 од ЗФД, АФ е основана заради поддршка, поттикнување и развој на филмската дејност, финансирање проекти од национален интерес за Републикатаво филмската дејност, како и заради поддршка, презентирање и грижа за филмското творештво во Републиката. АФ, е правен следбеник на поранешната Национална установа-Филмски фонд на РМ – Скопје, којашто според член 61 став (1) од ЗФД, престанува со работа како национална установа и продолжува со работа како АФ од денот на именувањето на директорот на Агенцијата. АФ, за својата работа, односно вршење на задачите согласно со надлежностите утврдени со ЗФД, преку МК ги добива средствата од Буџетот, наменети за финансирање на филмската дејност во Републиката, но нема статус на национална, локална или друг вид на установа од областа на културата.

**10.3.** Согласно со член 25 став (1) од ЗФД, од страна на АФ во јануари 2022 г., е објавен Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г., со краен рок за доставување на пријави, за првиот рок на одлучување до 31.03.2022 г., а за вториот рок на одлучување, до 15.08.2022 г. (забелешка: според изјавата на присутното лице, во прашање е техничка грешка, односно за вториот рок на одлучување, крајниот рок за доставување на пријави, е до 31.08.2022 г.).

**10.4. Одговорно лице на АФ (директор/вршител на должноста директор)**

Согласно со член 17 од ЗФД, од страна на Владата на РСМ, со Решение бр. 20-12190/1 од 15.12.2020 г., за вршител на должноста директор на АФ, е именуван , којшто со Решение бр. 14-2166/1 од 09.02.2021 г., е разрешен од должноста вршител на должноста директор на АФ согласно со член 15 став (2) и член 17 став (2) од ЗФД, кога истовремено со Решение бр. 14-2167/1 од 09.02.2021 г., е избран за директор на АФ, со мандат од две години.

Согласно со член 15 став (2) од ЗФД, со Решение бр. 15-1920/1 од 15.02.2023 г., гореименуваното лице е разрешено од должноста директор на АФ, поради истек на мандатот за кој е именуван, а истовремено со Решение бр. 15-1921/1 од 15.02.2023

г., е именуван за вршител на должноста директор на АФ согласно со член 17 од ЗФД.

**10.5.Управен одбор на Агенцијата за филм за 2022 г.**

Согласно со член 20 од ЗФД, со Решение бр. 14-1754/1 од 22.02.2022 г., донесено од Владата на РСМ, од должноста претседател и членови на Управниот одбор на АФ (**во натамошниот текст: УО**), поради истек на мандатот се разрешени (претседател), и (членови), а именувани се: (за претседател), а **и** (за членови).

**Основ:** согласно со член 18 став (1) ал. 4 од ЗФД, меѓудругото директорот на АФ на предлог на Советот од членот 22 од овој закон, му предлага на УО кои проекти да бидат прифатени, односно одбиени на конкурсите за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност. Имено, согласно со член 20 став (1) од ЗФД, со работата на АФ управува УО, чиишто претседател и членови, ги именува и разрешува Владата на РМ со мандат од две години со право на повторно именување. Според ставот (2) од истиот член од ЗФД, претседателот и членовите се именуваат на следниот начин: еден од редот на истакнати поединци од областа на филмската дејност, еден на предлог на асоцијацијата на филмски здруженија или Стопанската комора, која што ги застапува филмските продуценти, двајца од редот на дипломирани правници и еден од редот на дипломирани економисти (вкупно 5). **Согласно со член 21 став (1) ал. 2 од ЗФД, УО на АФ ги донесува одлуките за прифаќање или одбивање на проектите по конкурсите за финансирање на националниот интерес во филмската дејност.**

**10.6. Филмски совет за 2022/2023 година**

Врз основа на член 18 став (1) ал. 7 и став (2) и член 22 став (1) и сатв (2) од ЗФД, од страна на директорот на АФ со Решението бр. 03-1603/1 од 09.12.2021 г., се именувани **членови на Филмскиот совет на АФ во следниот состав:** , , **и** со мандат од две години.

**Основ:** согласно со член 22 од ЗФД за вршење на стручни работи од надлежност на Агенцијата, како и за преземање на мерки за унапредување на филмската дејност,

директорот на АФ формира Филмски совет на Агенцијата. Советот е составен од пет члена, кои ги именува и разрешува директорот на Агенцијата од редот на истакнати поединци од областа на филмот и културата, со мандат од две години. Советот учествува во подготовка на конкурсите за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност од член 25 од овој закон, му дава мислење на директорот на Агенцијата кои проекти доставени на конкурсите од член 25 од овој закон треба да бидат прифатени, односно одбиени по конкурсот, на предлог на финансискиот советник од член 24 од овој закон, ако постои неусогласеност меѓу финансискиот план и оперативниот план со сценариото за проектите доставени на конкурсот од член 25 став (1) од законот, му предлага на директорот проектите да ги врати на доработка и расправа за важни прашања од областа на филмската дејност.

**10.7. Финансиски советник за 2022 г. (втор круг на одлучување по Конкурсот)**

Врз основа на член 18 став (1) ал. 7 и став (2) и член 24 од ЗФД, со Решение бр. 03-746/1 од 19.04.2022 г.,  е именуван за финансиски советник, со надлежностите утврдени со ЗФ, да врши оцена на финансиските и оперативните планови и буџетот на проектите доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (**во прв и втор рок на одлучување**).

**Основ:** согласно со член 24 од ЗФД, за оцена на финансиските и оперативните планови и буџетот на проектите по конкурсот од член 25 став (1) од законот, директорот на АФ **од редот на истакнати филмски продуценти именува еден или повеќефинансиски советници**. Финансискиот советник се именува со мандат од една година. Финансискиот советник: го анализира и проверува финансискиот и оперативниот план и буџетот доставени со проектите на конкурсот од член 25 став (1) од Законот, ја утврдува објективната усогласеност на финансискиот план и оперативниот план со сценариото и **доставува предлог до Советот за износот на средства кои од АФ треба да се доделат за финансирање на проектите доставени на конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон**. Ако финансискиот советник утврди дека постои неусогласеност на финансискиот и оперативниот план со сценариото му предлага на Советот проектот доставен на конкурсот од член 25 став (1) од законот да го врати на доработка.

**10.8. Филмски рецензенти за 2022 г. (втор круг на одлучување по Конкурсот)**

Врз основа на член 18 став (1) ал. 7 и став (2) и член 23 став (1) од ЗФД, од страна на директорот на АФ, со:

- Решение бр. 03-1448/1 од 17.11.2022 г., лицето е именувана за филмски рецезент за евалуација на проектите доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (втор рок на одлучување),
- Решение бр. 03-1526/1 од 25.11.2022 г., лицето , е именуван за филмски рецезент за евалуација на проектите доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (втор рок на одлучување),
- Решение бр. 03-1532/1 од 28.11.2022 г., лицето , е именуван за филмски рецезент за евалуација на проектите доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (втор рок на одлучување),
- Решение бр. 03-1533/1 од 28.11.2022 г., лицето е именувана за филмски рецезент за евалуација на проектите доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (втор рок на одлучување),и
- Решение бр. 03-1534/1 од 28.11.2022 г., лицето е именувана за филмски рецезент за евалуација на проектите доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (втор рок на одлучување).

**Основ:** согласно со член 23 став (1) од ЗФД за евалуација на проектите доставени на конкурсот од член 25 од законот, директорот на АФ **именува филмски рецензенти.** Филмските рецезенти: ги читаат сценаријата доставени со проектите на конкурсот од членот 25 од законот, пишуваат рецензии за сценаријата, му предлагаат на Советот листа по приоритети на сценарија со предлог на проекти кои ги препорачуваат за поддршка од АФ по конкурсите од член 25 од ЗФД.

10.9. Изјави за немање судир на интереси **за 2022 г. (втор круг на одлучување по Конкурсот)**

-ИЗЈАВА за непостоење на судир на интереси за интереси бр. 03-1533/3 од 20.12.2022 г., **дадена од** **во својство на филмски рецезент,** под целосна материјална, морална и кривична одговорност дека нема судир на


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

интереси во однос на поднесените пријави за краткометражни играни и анимирани филмови со мнозински и малцински удел, доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (**втор рок на одлучување**),

- **ИЗЈАВА за непристрасност, независност и објективност во работењето** бр. 03-1533/4 од 20.12.2022 г., дадена од **во својство на филмски рецезент,** во однос на евалуација на проекти - краткометражни играни и анимирани филмови со мнозински и малцински удел, доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (**втор рок на одлучување**).

-**ИЗЈАВА за непостоење на судир на интереси за интереси** бр. 03-1042/3 од 27.07.2022 г., **дадена од , како член на Филмскиот совет на АФ,** под целосна материјална, морална и кривична одговорност дека нема судир на интереси во однос на поднесените апликации (пријави) по основ на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (**прв рок на одлучување**),

-**ИЗЈАВА за ИЗЗЕМАЊЕ** бр. 03-1616/1 од 09.12.2022 г., дадена од **како член** на Филмскиот совет на АФ, дека се иззема од одлучување во однос на доставените пријави на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен, игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (**втор рок на одлучување**),

-**РЕШЕНИЕ за изземање на член од Филмскиот совет** бр. 03-1616/2 од 24.12.2022 г., донесено од директорот на АФ, со којашто лицето , се изема од функцијата член на Филмскиот совет, поради постоење на судир на интереси, со цел „да се обезбеди непристрасност во одлучувањето“, по пријавите по Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (**втор рок на одлучување**), од причина што лицето има непосреден контакт со едно од доставените барања, а се однесува на проектот – „Сузе национале“, пријавен од Охо продукција ДООЕЛ од Скопје, со бр. 08-1166/1 од 31.08.2022 г., во кој лицето се јавува како режисер на проектот, како и

**-ЗАПИСНИК бр. 20, заведен под дел. бр. 02-1679/11 од 23.12.2022 г., од одржаната седница на Филмскиот совет на АФ; одржана на ден 23.12.2022 г.,** на


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

којашто присуствуваа членовите [redacted], [redacted] и [redacted] додека членовите [redacted] (забелешка: со потпишана Изјава за иземање од одлучување, поради „евентуалеен судир на интерерси“), и [redacted] (забелешка: без да го оправда и најави своето отсуство), не учествуваа на седницата, на којашто од страна на присутните членови на Филмскиот совет, е извршено разгледување и давање на мислење за проекти, кои треба да бидат прифатени на предметниот Конкурс за финансирање (вкупно 64 филмски проекти, пристигнати во вториот рок на одлучување, од кои: 24 долгометражни играни филмски проекти, 14 долгометражни документарни и анимирани филмски проекти и 26 краткометражни филмски проекти).

Видно, од Записникот присутните членови на Филмскиот совет, едногласно заземаа став дека не е доволно иземање на [redacted] од учество на седницата, туку дека Пријавата за проектот – краткометражен игран филм под наслов „Суза национале“, со мнозински удел во продукција на продуцентската куќа ОХО Продукција од Скопје, во којшто како режисер и сценарист се јавува членот [redacted], „не треба да се разгледува и одлучува по истата“.

Исто така, видно од Записникот, на истата седница на Филмскиот совет, е истакнато дека и краткометражниот документарен филмски проект со наслов „Последната станица“, на Шарада ДООЕЛ од Скопје, каде рецезентот [redacted] се јавува како режисер, е повлечен од страна на апликантот – продуцентот.

При надзорот, на увид се презентирани и **изјавите за непостоење на судир на интереси за интереси,** за поднесените апликации по основ на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (**за втор рок на одлучување**),и за филмските рецезенти ([redacted]), финансискиот советник [redacted], за Управниот одбор [redacted] како записничар), за директорот на АФ ([redacted]), како и за Комисијата за административна селекција, именувана со Решение бр. 03-1284/1 од 27.09.2022 г. ([redacted]).

**Основ:** според **член 32 од ЗФД**, е предвидено дека директорот на АФ, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата не

може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата и дека се должни **да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања, а во случај на постоење судир на интереси, се применува Законот за спречување на судир на интереси, односно постојниот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл. весник на РМ" бр. 12/2019).**

Според член 54 од ЗФД, е предвидено дека **глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност**, ќе му се изрече за прекршок на директорот, на членовите на Советот од член 22 од законот, на рецензентите од членот 23 од истиот закон, на советниците од членот 24 од истиот закон, на претседателот и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата и на членовите на Комисијата од член 50 од истиот закон, на вработен во Агенцијата и на надворешен соработник именуван од директорот на Агенцијата, но **доколку учествуваат на конкурсите на Агенцијата со свои проекти.**

Како основ за горецитираната Изјава за изземање е наведен член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а како основ за горецитираното Решение за изземање е наведен член 25 став (5) од ЗОУП („Сл. весник на РМ", бр. 124/15).

**10.10. МИСЛЕЊЕ на Филмскиот совет на АФ бр. 02-1679/2 од 26.12.2022 г, за неприфатени, односно одбиени проекти по Конкурсот**

Согласно со член 22 став (3) ал. 2 од ЗДФ, од страна на Филмскиот совет на АФ до директорот на АФ, дадено е МИСЛЕЊЕ бр. 02-1679/2 од 26.12.2022 г, за неприфатени, односно одбиени проекти по Конкурсот за финансирање на проекти за производсво на долгометражен и краткометражен, игран, документарен и анимиран филм, во втор рок на одлучување.

Со горецитираното Мислење, меѓу пријавените филмски проекти по Конкурсот, коишто **не е прифатени од страна на Филмскиот совет** (во состав [redacted], [redacted] и [redacted]), **иако ги поминале сите фази од процесот на евалуација**, се и дебитантскиот краткометражен документарен филм со мнозински удел – **„Последната станица", во режија на** [redacted], **по пријава доставена од Шарада филм ДООЕЛ од Скопје, со вкупен број на**

**добиени бодови – 200, од причина што продуцентот го повлекол Проектот поради судир на интереси**, како и дебитантскиот долгометражен документарен филм со мнозински македонски удел - **„Сузе Национале“, во пежија на** , со вкупен број на добиени бодови **201, од причина што режисерот е член на Филмскиот совет.**

За прифатени проекти на Конкурсот, од страна на Филмскиот совет на АФ, е дадено Мислење број 02-1679/13 од 26.12.2022 година.

**10.11. Решение за ПРЕКИН НА ПОСТАПКА бр. 02-1684/3 од 29.12.2022 г., за проектот - „Последната станица“, во режија на**

Со горецитираното Решение, од страна на директорот на АФ, по Барање на странката, е прекината постапката започната за проектот - „Последната станица“, краткометражендокументарен филмски проект, во режија на (именувана за филмски рецезент во АФ), доставен од страна на ШАРАДА ФИЛМ ДООЕЛ од Скопје, со Пријавата бр. 08-1187/1 од 31.08.2022 г., по Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (втор рок на одлучување).

Според горецитираното Решение, како и **ЛИСТАТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА ЗА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ, заведена под бр. 08-1644/14 од 14.12.2022 г.** (забелешка: изработена и потпишана од филмскиот рецезент **ЛИСТАТА НА ЕВАЛУАЦИЈА за изводливост на филмскиот проект, заведен под бр. 08-1662/36 од 20.12.2022 г.** (забелешка: изработена и потпишана од финансискиот советник ), и **Прегледот заведен под дел. бр. 08-1647/3 од 14.12.2022 г.**, потпишан од страна на , виш соработник за филмска дејност во АФ, филмскиот проект - „Последната станица“, во режија на во делот за оценка на исполнување на **основниот критериум оригиналност, автентичност и квалитет на содржината на сценариото** утврден во член 27 став (1) ал. 1 од ЗФД, а поблиску уреден во член 3 став (1) алинеи од 1 до 4 од Правилникот за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на филмските проекти од национален интерес во филмската дејност („Сл. весник на РМ“ бр. 97/14), спроведен од страна на филмскиот рецезент именуван од страна на директорот со Решение бр. 03-1532/1 од 28.11.2022 г., врз основа на читање и евалуација на сценариото на филмскиот проект, **има освоено вкупно 90 бодови**, додека од извршената евалуација на **критериумите за**

**утврдување на успешноста на филмскиот продуцент и режисер на проектот** согласно со членовите 5 и 7 и за дебитанти согласно со член 8 од Правилникот, проектот **има освоено вкупно 55 бодови**, а проценка на изводливоста на филмскиот проект во однос на буџетот, сложеноста, планот и термините за снимање, од финансискиот советник, именуван со Решение бр. 03-746/1 од 19.04.2022 г., проектот **има освоено вкупно 55 бодови**, со што **дебитантскиот краткометражен игран филм со македонски мнозински удел -„Последната станица", во режија на има освоено вкупно 200 бодови.**

Подносителот на Пријавата – Продуцентска куќа ШАРАДА ФИЛМ ДООЕЛ од Скопје, на ден 19.12.2022 г. до писарницата на АФ, има доставено **БАРАЊЕ, заведено во АФ под бр. 08-1187/2 на 19.12.2022 г., за ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА** на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. од втор рок на одлучување, во прилог кон коешто е доставено Барање за повлекување од евалуација на Пријавата за краткометражен документарен филм со работен наслов „ПОСЛЕДНА СТАНИЦА", поради повлекување на режисерката од проектот поради „лични причини", потпишано од управителот на апликантот – продуцент - , во прилог со ИЗЈАВАТА од 07.11.2022 г., потпишана од дека поради „објективни причини" се повлекува од функцијата режисер на краткометражниот документарен филм со работен наслов „Последна станица" и бара од продуценот раскинување на Пред-договорот за режија.

Со Допис бр. 08-118/1 од 16.01.2023 г., Решението за прекин на постапка за проектот „Последната станица", во режија на под бр. 02-1684/3 од 29.12.2022 г., е доставено до подносителот на Пријавата –ШАРАДА ФИЛМ ДООЕЛ од Скопје.

**10.12.Одлука на Управниот одбор на АФ бр. 02-25/35 од 05.01.2023 г, за одбивање на проектот „Сузе Национале" во пежија на**

Со горецитираната Одлука, од страна на Управниот одбор на АФ, Е ОДБИЕН проектот „Сузе Национале" во пежија на доставен од страна на **Друштвото за телевизиска и филмска продукција ОХО ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје**, со Пријава бр. 08-1166/1 од 31.08.2022 г., по Конкурсот за финансирање на проекти за производсво на долгометражен и краткометражен, игран, документарен и анимиран филм, во втор рок на одлучување, при што во образложението на Одлуката, меѓудругото е наведено дека согласно со Мислењето

на Филмскиот совет, проектот не се прифаќа поради „постоење на судир на интереси, односно член на филсмки совет се јавува во својство на режисер на проектот“.

Според горецитираната Одлука, како и **ЛИСТАТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА ЗА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ, заведена под бр. 08-1644/6 од 14.12.2022 г.** (забелешка: изработена и потпишана од филмскиот рецезент ), и **ЛИСТАТА НА ЕВАЛУАЦИЈА за изводливост на филмскиот проект, заведен под бр. 08-1662/18 од 20.12.2022 г.** (забелешка: изработена и потпишана од финансискиот советник ), филмскиот проект - **„Сузе Национале“ во пежија на** во делот за оценка на исполнување на основниот **критериум оригиналност, автентичност и квалитет на содржината на сценариото** утврден во член 27 став (1) ал. 1 од ЗФД, а поблиску уреден во член 3 став (1) алинеи од 1 до 4 од Правилникот за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на филмските проекти од национален интерес во филмската дејност („Сл. весник на РМ“ бр. 97/14), спроведен од страна на филмскиот рецезент именуван од директор со Решение бр.03-1532/1 од 28.11.2022 г., врз основа на читање и евалуација на сценариото на филмскиот проект, **има освоено вкупно 120 бодови**, додека од извршената евалуација на **критериумите за утврдување на успешноста на филмскиот продуцент и режисер на проектот** согласно со членовите 5 и 7 и за дебитанти согласно со член 8 од Правилникот, проектот **има освоено вкупно 31,5 бодови** (не е доставен соодветен документ за извршената проценка), а при оценка на **изводливоста на филмскиот проект во однос на буџетот, сложеноста, планот и термините за снимање**, од финансискиот советник, именуван со Решение бр. 03-746/1 од 19.04.2022 г., проектот **има освоено вкупно 50 бодови**, со што филмскиот проект –долгометражен документарен филм со македонски малцински удел **„Сузе Национале“, во пежија на , има освоено вкупно 201 бод.**

**10.13. РЕШЕНИЕ УП бр. 1105-4 од 01.03.2023 г., на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од однос во втор степен (во натамошниот текст: Државна комисија)**

Постапувајќи по Жалбата, поднесена од страна на ДТФП ОХО ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката на Управниот одбор на АФ бр. 02-25/35 од 05.01.2023 г., за одбивање на проектот „Сузе Национале“, во пежија на

од страна на **Државната комисија**,донесеное **РЕШЕНИЕ УП бр. 1105-4 од 01.03.2023 г., со коешто СЕ УВАЖУВА ЖАЛБАТА** поднесена од страна на Друштвото и Одлуката на УО бр. 02-25/35 од 05.01.2023 г., **СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување кај првостепениот орган.**

Според, горецитираното Решение на Државната комисија, облаженото Решение на УО содржи само податок дека предметниот проект согласно пропишаните критериуми и мерила остварил 201 бод, без притоа истото да се појасни во рамките на Конкурсот, односно без предметниот проект да се позиционира како успешен или неуспешен во смисла на Конкурсот. Дополнително, според Решението на Државната комисија, „нејасен бил делот во истото образложение каде се наведува дека согласно мислење на советот проектот не се прифатил поради постоење на судир на интереси и не било наведено врз основа на која законска одредба се заснова таквата одлука“.

Понатаму, во однос на Предлогот бр. 02-1684/2 од 26.12.2022 г., за неприфатени проекти, којшто од страна на директорот на АФ бил доставен до Управниот одбор и во којшто за дебитантскиоt долгометражен документарен филм „Сузе Национале“ во режија на , е наведено дека има вкупен број на добиени бодови 201 (режисерот е член на филмски совет), Државната комисија не можела со сигурност **да утврди поради која решителна причина, по кој законски пропишан основ и врз основа на кои конкретни одредби пропишани со Законот, првостепениот орган го одбил како неоснован предметниот проект, поднесен од страна на жалителот**. При ваква фактичка и правна состојба, Државната комисија заземела став дека првостепениот орган, во конкретниот случај без да стори доволно напори и **да ги преземе сите дејствија потребни за да се испита основаноста на предметниот проект и без да има утврдено постоење на конкретен законски пропишан основ за одбивање,** пристапил кон донесување на обжалената одлука со која одбиен проектот на жалителот, при што е дадено задолжение во повторното постапување и одлучување, првостепениот орган, имајќи ги предвид дадените забелешки, да ги отстрани констатираните недостатоци и конкретната управна постапка да ја продолжи и да ја спроведе во целосна согласност со одредбите од законот.

Постапувајќи по РЕШЕНИЕТО УП бр. 1105-4 од 01.03.2023 г., на Државната комисија, со коешто СЕ УВАЖУВА ЖАЛБАТА поднесена од Продуцентот и

Одлуката на УО на АФ бр. 02-25/35 од 05.01.2023 г., , СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување кај првостепениот орган, **според** добиените информации од страна на присутното лице при надзорот, во меѓувреме од страна на Управниот одбор на АФ е донесена нова одлука.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорите со присутните лица:**

**-Утврдени се следните неправилности и недостатоци:**

Од страна на лицето во својство на филмски рецезент (именувана со Решение бр. 03-1533/1 од 28.11.2022 г., за филмски рецезент за евалуација на проектите доставени на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г., втор рок на одлучување), и во својство на член на Филмскиот совет во АФ (именуван со Решението бр. 03-1603/1 од 09.12.2021 г., со мандат од две години), е постапено спротивно на член 32 од ЗФД, со којшто е предвидено дека директорот на Агенцијата, **член на Советот, рецензентите**, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата, **не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата и дека се должни да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања,** а во случај на постоење судир на интереси, дека се применува Законот за спречување на судир на интереси, односно постојниот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл. весник на РМ" бр. 12/2019).

Имено, иако Подносителот на Пријавата – Продуцентска куќа ШАРАДА ФИЛМ ДООЕЛ од Скопје, до АФ има доставено **БАРАЊЕ, заведено во АФ под бр. 08-1187/2 на 19.12.2022 г., за ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА** по Конкурсот, во прилог, кон коешто е доставено Барањето за повлекување од евалуација на Пријавата за дебитантскиот краткометражен документарен филм со работен наслов „Последната станица", во режија на поради повлекување на режисерката од проектот поради „лични причини", како и **ИЗЈАВАТА од 07.11.2022 г., потпишана од** дека поради „објективни причини" се повлекува од функцијата режисер на горенаведениот филмски преокт и бара од продуценот

раскинување на Пред-договорот за режија, додека за дебитантскиот долгометражен документарен филм со мнозински македонски удел - „Сузе Национале“, во режија на , од страна на истото лице, во својство на член на Филмскиот совет на АФ, е дадена **ИЗЈАВА** бр. 03-1616/1 од 09.12.2022 г., за ИЗЗЕМАЊЕ од одлучување во однос на доставените пријави на Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен, игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. **(втор рок на одлучување),** за што од директорот на АФ е **донесено РЕШЕНИЕ за изземање на член од Филмскиот совет** бр. 03-1616/2 од 24.12.2022 г., поради постоење на „судир на интереси“ кај членот (режисер кај пријавениот филмски проект), **двата филмски проекти ги поминале сите фази од процесот на евалуација во АФ по Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2022 г. (за втор рок на одлучување),** при што дебитантскиот краткометражен документарен филм со македонски мнозински удел – **„Последната станица“**, во **режија на** добил вкупно **201 бод**, а дебитантскиот долгометражен документарен филм со македонски мнозински удел - **„Сузе Национале“**, во **пежија на** добил вкупно **200 бода.**

**По спроведената постапка за евалуација во АФ, по поднесените пријави, за горенаведените филмски проекти** (преку Комисијата за административна селекција, филмските рецезенти и финансискиот советник во АФ), од страна на Филмскиот совет на АФ до директорот на АФ, дадено е МИСЛЕЊЕ бр. 02-1679/2 од 26.12.2022 г, за неприфатени, односно одбиени проекти по Конкурсот, со коешто меѓу пријавените филмски проекти по Конкурсот, коишто **не е прифатени од страна на Филмскиот совет, иако ги поминале сите фази од процесот на евалуација,** се и дебитантскиот краткометражен документарен филм со македонски мнозински удел – **„Последната станица“, во режија на по пријава доставена од Шарада филм ДООЕЛ од Скопје, од причина што продуцентот го повлекол Проектот поради судир на интереси**, како и дебитантскиот долгометражен документарен филм со мнозински македонски удел - **„Сузе Национале“, во пежија на , од причина што режисерот е член на Филмскиот совет.**

Понатаму, од страна на директорот на АФ, по Барање на странката, е донесено Решение за ПРЕКИН НА ПОСТАПКА бр. 02-1684/3 од 29.12.2022 г., започната за проектот - „Последната станица“, во режија на , доставен од страна на


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

ШАРАДА ФИЛМ ДООЕЛ од Скопје, со Пријавата бр. 08-1187/1 од 31.08.2022 г., а со Одлука на Управниот одбор на АФ бр. 02-25/35 од 05.01.2023 г., Е ОДБИЕН проектот „Сузе Национале" во режија на доставен од страна на Друштвото за телевизиска и филмска продукција ОХО ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје, со Пријава бр. 08-1166/1 од 31.08.2022 г., по Конкурсот за финансирање на проекти за производсво на долгометражен и краткометражен, игран, документарен и анимиран филм, во втор рок на одлучување.

**за гореутврдените неправилности и недостатоци, ќе бидат преземени следните мерки:**

Во однос на горенаведеното му се **УКАЖУВА на одговорното лице на субјектот на надзорот, по службена должност во иднина да внимава** дали членовите на Филмскиот совет, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и другите лица, наброени во член 32 од ЗФД; и покрај дадените писмени изјави за немање судир на интереси со поднесените барања по објавениот конкурс од АФ за финансирање, учествуваат во реализацијата на проект, за којшто е поднесена пријава до АФ, како што е во конкретниот случај утврдено со горенаведените филмски проекти, коишто откако ги **поминале сите фази од процесот на евалуација,** со Мислењето бр. 02-1679/2 од 26.12.2022 г, не се прифатени од страна на Филмскиот совет на АФ, од причина што продуцентот „ШАРАДА ФИЛМ ДООЕЛ-Скопје, го повлекол Проектот поради „судир на интереси" (режисерот и сценаристот е филмски рецезент), односно од причина што режисерот е член на Филмскиот совет, а за што по изјавената Жалба од страна на ДТФП ОХО ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје, против Одлуката на УО на АФ бр. 02-25/35 од 05.01.2023 г., за одбивање на проектот „Сузе Национале", во пежија на , од страна на **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од однос во втор степен,** е донесено **РЕШЕНИЕ УП бр. 1105-4 од 01.03.2023 г.,** со коешто **СЕ УВАЖУВА ЖАЛБАТА** и обжалена Одлука на УО на АФ, **СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување кај првостепениот орган.**

**Во врска со примена на членот 32 од Законот за филмската дејност, примерок од Записникот се доставува на увид и надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл. весник на РМ" бр. 12/2019).**

Додека, според член 54 од ЗФД, е предвидена **глоба** во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност, за прекршок на директорот, на членовите на Советот од членот 22 од истиот закон, на рецензентите од членот 23 од истиот закон, на советниците од членот 24 од истиот закон, на претседателот и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата и на членовите на Комисијата од членот 50 од истиот закон, на вработен во Агенцијата и на надворешен соработник именуван од директорот на Агенцијата, но **доколку учествуваат на конкурсите на Агенцијата со свои проекти.**

Записникот е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои еден примерок е за потребите на Агенцијата за филм на РСМ и 2 (два) примерока за потребите на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК.

Поради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник исо утврдената фактича состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот и горенаведените лица, како субјекти на надзорот и истите ИМААТ/НЕМААТ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот и горенаведените лица, како субјекти на надзорот:

Во прилог на овој записник доставуваме писмен поднесок со забелешки на истиот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | в.д. директор на АФ | Печат и потпис на инспекторот за култура: | главен инспектор за култура |
| Датум: | 03.04.2023 г. | Датум: | 18.04.2023 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините